ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035 / факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Маршал Тито бр. 175, 1330 Крива Паланка,
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 23-3346/1
22.11 2016 год
КРИВА ПАЛАНКА

До
Организаторите на изборна кампања, кои имаат потврдена листа на кандидати од Државната изборна комисија, за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија во Изборна единица бр.3

# И З В Е С Т У В А Њ Е

Почитувани,

Ве известуваме дека, согласно Одлуката на Советот на Општина Крива Паланка за утврдување на места за истакнување на изборни плакати и утврдување на услови за добивање на право за користење на местата за истакнување на изборни плакати на подрачјето на Општина Крива Паланка ( бр.09-3130/109 од 07-11.2016), на ден 23.11.2016 година (среда), со почеток во 14,00 часот во Голема сала на Општина Крива Паланка, Општинската администрација ќе изврши ждребување за определување на распоредот за истакнување на изборни плакати без надоместок, на организаторите на изборна кампања кои учествуваат на предвремените парламентарни избори-2016 година, на места определени со Одлуката на Советот на Општина Крива Паланка.

Организаторите на изборна кампања за да можат да учествуваат на ждребувањето,потребно е до Општина Крива Паланка-Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура да поднесат барање за користење на местата за истакнување на изборни плакати, најдоцна еден час пред почетокот на ждребувањето.

Одделение за изградба и одржување
на комунална инфраструктура
Раководител
Никола Граматиков

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник
Арсенчо Алексовски